**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски" бр.12210* Пробиштип
*Тел.:032/483-131; факс:032/483-047*
*www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
**Бр. 10 – 489/9 - __ од 03.08.2021 год.**
Пробиштип

**До**

____________________________________

____________________________________

ПРЕДМЕТ: **Известување-повик** за одржување на јавна презентација и јавна анкета по **Нацрт план**
**за Детален урбанистички план за Урбан Блок 3, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**

Почитувани,

Врз основа на член 50 став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" бр.32/20, год.), Ве известуваме дека

**ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА**
со стручно презентирање на

**Нацрт план за Детален урбанистички план за Урбан Блок 3, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, со Тех.Број 03/2021 од јули 2021**, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје, ќе се одржи на ден **20.08.2021 год.** (петок) со почеток во **11.00** часот во салата на Советот на Општина Пробиштип, во Домот на културата во Пробиштип.

**ЈАВНА АНКЕТА по**

**Нацрт план за Детален урбанистички план за Урбан Блок 3, КО Пробиштип, Општина Пробиштип,** со Тех.Број 03/2021 од јули 2021 година, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје, ќе трае **30** (триесет) **дена** и во електронска и во писмена форма, секој работен ден од **7.30** до **15.30** часот во просториите на Одделението за Урбанизам при општина Пробиштип, во периодот од **05.08.2021 год.** до **03.09.2021 год.**, во кој период заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат забелешки, предлози и мислења на **анкетни листови** во писмена и електронска форма, кои можат да ги подигнат од Општинскиот услужен центар (шалтерот) во зградата на кино салата, и од **web** страната на Општина Пробиштип, или во електронска форма преку информацискиот систем **e-urbanizam.** Во прилог на анкетните листови да се достави копие од катастарски план и имотен лист за парцелата за која се доставува забелешката.

**Графичкиот прилог** од Нацрт планот за Деталниот урбанистички план за Урбан Блок 3, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, ќе биде изложен на огласна табла пред влезот на Општинскиот услужен центар (шалтерот) во зградата на кино салата, во информацискиот систем **e-urbanizam** и на **web** страната на Општина Пробиштип ***www.probistip.gov.mk***, а подетални информации во врска со горенаведениот план може да се добијат во Одделението за урбанизам на Општина Пробиштип, кое се наоѓа во просториите на зградата на кино салата на вториот кат.

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.*12210 Пробиштип
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk

Се`со цел навремено доставување на писмени забелешки, предлози или мислења преку анкетни листови и активно учество во јавната презентација и јавна анкета, Ве покануваме да присуствувате на истата. Доколку во овој временски рок не доставите анкетни ливчиња, ќе се смета дека немате никакви забелешки, предлози или мислења по Нацрт планот за Деталниот урбанистички план за Урбан Блок 3, КО Пробиштип, Општина Пробиштип.

Изготвил: Ј.Дукоска диа Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska Date: 2021.08.05 10:27:08 +02'00'

Одобрил: Б.Станојковски дги

Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski Date: 2021.08.05 10:51:56 +02'00'

**м.п.**

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
**Градоначалник**
Драган Анастасов

Makedonski Telekom CA, Dragan Anastasov
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Dragan Anastasov Date: 2021.08.05 12:25:57 +02'00'